Врз основа на член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден ___.12.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2025 година**

## *I. Појдовна основа*

Остварувањето на поддршка на здруженија и фондации во Општина Демир Хисар во 2025 година се заснова на Законот за локалната самоуправа и останатите позитивни законски прописи кои се однесуваат на надлежностите на локалната самоуправа.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварување на поддршка на здруженија и фондации.

## *II. Цели*

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации се:

- Поттикнување и поддршка на граѓаните во остварување на нивните интереси преку формирање на здруженија и фондации;
- Грижата за младите и соработката со здруженија и фондации во согласност со можностите;
- Создавање услови за реализирање на активности на здруженија и фондации;

## *III. Активности*

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Демир Хисар ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- воспоставување на соработката со граѓанскиот сектор;
- обезбедување просторни услови за работа на здруженија и фондации;
- давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани;

Во областа на поддршката на здруженија и фондации, активностите на Општина Демир Хисар ќе бидат насочени кон реализирање на проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи во сите области на делување на локалната самоуправа.

| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | Спонзори | Други извори | |
| 1 | Поддршка на програмски активности на здруженија и фондации | Ноември 2025 | Општина Демир Хисар | 80.000,00 | / | / | 80.000,00 |
| 2 | Поддршка на програмски активности на ОО на „Црвен крст“ Демир Хисар | Ноември 2025 | ОО на „Црвен крст“ Демир Хисар | 20.000,00 | / | / | 20.000,00 |
| | | | | | | Вкупно: | 100.000,00 |

## ***IV. Финансирање***

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Демир Хисар, од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## ***V. Други форми на делување***

Освен со финансиски средства Општина Демир Хисар активностите на здруженијата и фондациите ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија;
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- организирање трибини, форуми, дебати на теми што се од нивен интерес;
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

## ***VI. Завршни одредби***

Практичната реализација и контролата се одвиваат преку Советот на Општина Демир Хисар и Комисијата за општествени дејности, а следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за локален економски развој и јавни дејности во соработка со здруженијата и фондациите во Општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-____/__
___.12.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски